Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Правилникот за постапка за избор и упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација на вработените за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр. 01-4565/1 од 19.09.2014 година, како и добиената покана од Амбасадата на Република Турција во Република Македонија и , Министерството за одбрана распишува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС
# ЗА УПАТУВАЊЕ НА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ – СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНАТА ЗА АКАДЕМСКАТА 2018/2019 ГОДИНА

1. Се распишува интерен оглас за упатување на стручно оспособување и усовршување – специјализација од областа на медицината за гостински воен персонал за **1 (еден) вработен** во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија во Република Турција.
2. Кандидатите може да конкурираат за упатување на следните **области на специјализација**:
   - **интерна медицина** (четиригодишни студии);
   - **неврологија** (петгодишни студии).
3. Кандидатите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат **посебните услови** утврдени од страна на организаторот, и тоа:
   а) за гостински воен персонал кој има дипломирано на медицински факултет во Република Турција:
   - да освојат преодни поени од испитот по странски јазик кој е организиран од страна на Центарот за проценување, селекција и поставување учесници или да приложат меѓународно призната диплома, призната од OSMJ.

   б) за гостински воен персонал кој има дипломирано на медицински факултет во друга држава:
   - потребно е успешно да го положи испитот за утврдување на знаења организиран од Советот за високо образование со цел нострификација на дипломата “TUS”;
   - да има нострифицирана диплома;
   - само апликантите кои имаат положено STS ќе имаат можност да полагаат” TUS” во пролетниот период;
   - да освојат преодни поени од испитот по странски јазик кој е организиран од страна на Центарот за проценување, селекција и поставување учесници или да приложат меѓународно призната диплома, призната од OSMJ.
4. Кандидатите треба да исполнат и **општи услови**, и тоа:

- до исполнување на условите за редовно пензионирање да им останувaат повеќе од 5 (пет) години;
- да не се корисници на друга школарина од ист вид и ист степен од Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

5. Со Пријавата кандидатите задолжително да ги доставaт следните документи:
   - Диплома или Уверение за завршени додипломски, односно прв циклус на студии;
   - Кратка биографија (CV); и
   - Мотивационо писмо.
6. Некомплетните и ненавремено доставените документи по Огласот нема да бидат разгледувани.
7. Пријавите по огласот со потребната документација се доставуваат до Сектор за човечки ресурси.
8. Огласот се објавува истовремено на ден __________ во ________ часот со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, со доставување до сите организациони единици на Министерството и командите и единиците на Армијата на Република Македонија и со објавување на интернет - страната на Министерството за одбрана.
9. Рокот за пријавување на кандидатите е **5 (пет) работни дена** од денот на објавување на Огласот.
10. За донесената одлука за избор на кандидатот за упатување на стручно оспособување и усовршување, Секторот за човечки ресурси писмено го известува избраниот кандидат и организационата единица каде истиот е вработен.

Акт бр: 04-954/1
07.02.2018 година

Изработил: потполковник Мице Котески
Контролирал: Никица Јовановска
Согласен: Васил Зимбаков
Одобрил: Катерина Ставреска

с.р. МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска

Доставено до:
- Кабинет на министерката за одбрана;
- Заменик на министер;
- Генералштаб на АРМ (командите и единиците на АРМ);
- Државен секретар;
- Државни советници;
- Сите организациони единици во МО;
- Воена Академија;
- Архива.